Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по наставниот предмет ***македонски јазик и литература*** за **III (трета) година** образование од средното стручно образование со четиригодишно траење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

*модуларно дизајнирана*

**за III година**

*Сите образовни профили / квалификации*

*Сите струки / сектори*

Скопје, 2019 година

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Македонски јазик и литература |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 7 (седум) ЕЦВЕТ[1] кредити (5 кредити+2 дополнителни кредити)<br><br>Бројот пет ги означува кредитите што се стекнуваат со посетата на часовите по овој предмет во рамките на заедничкиот општообразовен модул, ангажираноста на часовите и учеството во процесот на поучување и учење. Дополнителните два кредита се однесуваат на учењето и активностите кои учениците ги реализираат надвор од наставните часови, а во функција на стекнување знаења по овој предмет.<br><br>Два кредита опфаќаат 50 часа активности на ученикот - 10 часа вежби и подготовка за писмени работи, 20 часа читање дела и лектири за обработка, 20 часа самостојно учење - подготовка на усни и писмени презентации, домашни работи, подготовка на есеи. |
| **Струка** | Сите струки |
| **Сектор** | Сите сектори |
| **Образовен профил** | Сите образовни профили |
| **Назив и ниво на квалификација** | Сите квалицикации<br><br>IV (четврто) ниво |
| **Година на изучување** | III (трета) |

[1] Закон за Националната рамка на квалификации.

| | |
|---|---|
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 3/108 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ученичката:<br>- да ги проширува и да ги продлабочува знаењата од различни области на македонскиот стандарден јазик (морфологија, синтакса, лексикологија и интерпункција), како средство за комуникација;<br>- да ги усовршува постојните и да создава нови способности и вештини за применување на стекнатите знаења во живиот јазик во секојдневната комуникација;<br>- да ја согледува и да ја толкува важноста на јазичните единици од фонема до збор/збороформа во состав на реченицата;<br>- да ја разбира, да ја толкува и да ја употребува реченицата како основна комуникациска единица;<br>- да ги применува во усното и во писменото изразување јазичните правила и конструкции карактеристични за македонскиот стандарден јазик;<br>- да ги применува вештините за самостојна анализа и интерпретација на литературни дела од различни автори, епохи и правци;<br>- да се оспособи критички и аргументирано да ги вреднува литературните дела, проблемските ситуации, општествените и уметничко-културните појави и настани преку сопствени ставови и мислења. |
| **Модуларни единици на наставна програма** | • ЈАЗИК<br>• ЛИТЕРАТУРА<br><br>Забелешка: Модулите Јазик и Литература, односно содржините во двата модула, треба меѓусебно да се комбинираат. На тој начин ќе се добие целина во однос на општите цели на предметот и ќе се постигнат предвидените резултати преку дадените критериуми. Секој час и натаму ќе има свој резултат што треба да биде постигнат и во рамките на истиот новите содржини ќе се комбинираат со веќе изучените содржини од едниот или од другиот модул. Едновремено, потсетуваме дека добриот распоред и организација на дадените содржини, како и соодветниот избор на активностите, ќе влијае врз реализацијата на часовите, односно врз успехот на процесите на поучување и учење. |
| **Материјално-технички и просторни услови** | За постигнување на целите по предметот Македонски јазик и литература е потребно да се обезбедат наставни средства, во кабинет или во училница, библиотечен книжен фонд, пристап до интернет, компјутерска опрема, ЛЦД-проектор. За успешна и целосна реализација на наставната програма треба да се организираат и |

| | |
|---|---|
| | активности кои го менуваат местото на реализацијата на часот/часовите (институции на културата и научни институции), каде што учениците ќе посетуваат настани, манифестации и фестивали: книжевни, театарски и филмски. |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставната програма ја реализираат лица со завршени студиски групи:<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС; (поранешна група Историја на книжевностите на СФРЈ)<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности како втор главен предмет, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и книжевност, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Општа и компаративна книжевност, наставна насока, VII/ 1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Модуларна единица: ЈАЗИК** | | | |
| 1 | **Историски развој на македонскиот јазик** | | | |
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 1.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-да ги објаснува историските факти за територијалната поделеност на Македонија и за јазичното прашање во периодот меѓу двете светски војни .<br>-да ги посочува општествените, просветните и културните околности во кои се употребува народниот македонски јазик. | **Македонскиот јазик меѓу двете светски војни**<br><br>**Поими:**<br>Асимилаторска политика, забрана за користење на македонскиот јазик, Егејска Македонија, Абецедар, Пиринска Македонија, Македонски литературен кружок, Вардарска Македонија, театарска сцена, драми на македонски јазик, Ленче Кумановче, Печалбари, Парите се отепувачка, Бели мугри, западномакедонско наречје. | **Активности:**<br>Низ различни форми на нагледност(презентација, аудиовизуелни материјали, драматизација, гласно читање) учениците се запознаваат со општествените, културолошките и политичките услови на територијата на Македонија<br>Преку извадоци од посочените дела се нагласуваат јазичните карактеристики и доминацијата на западномакедонското наречје како основа за македонскиот стандарден јазик.<br><br>**Методи**: метод на истражување; интерактивен метод (метод на соработка); метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1.1 ги објасни општествените и политичките услови во Македонија како услов во развојот на јазикот<br>1.1.2 ги опишува активностите на македонските интелектуалци и нивната заложба за јазикот;<br>1.1.3 ги препознае заедничките јазични одлики на делата создадени во овој период и нивната улога во кодификацијата на јазикот;<br>1.1.4. го образложува значењето на македонските писатели и на нивните дела во развојот на македонскиот јазик. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | метод на демонстративност. | |
| 1.2 | -да ги објасни општествените и политичките услови во Македонија како услов во развојот на јазикот;<br>-да ги опишува активностите на Конески за кодификација на јазикот. | **Кодификација на македонскиот литературен јазик**<br><br>Дефинирање на поимот *кодификација на македонскиот стандарден јазик*.<br>Историските наставни поврзани со кодификацијата на македонскиот јазик:<br>- Решението на Првото заседание на АСНОМ (2 август 1944) за воведување на македонскиот јазик како службен во македонската држава;<br>- Официјалното усвојување на македонската азбука и<br>- Официјалното усвојување на македонскиот правопис. | **Поими:**<br>НОБ, кодификација, Прво заседание на АСНОМ, азбука, правопис, Блаже Конески, Граматика на македонскиот јазик, Речник на македонскиот литературен јазик. На учениците им се покажува факсимил од Решението на АСНОМ за воведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава.<br>Учениците гласно го читаат текстот на Решението, ги согледуваат и ги истакнуваат разликите во јазикот од средината на 20. век и денешниот македонски јазик.<br>Учениците ги читаат и ги толкуваат принципите за оформувањето на македонскиот литературен јазик, поставени од Комисијата за изработување на азбуката и на правописот на македонскиот литературен јазик.<br>Наставникот ја објаснува разликата, т.е. сличностите помеѓу термините *македонски литературен јазик* и *македонски* | 1.2.1 ги споредува, да ги разликува, да ги издвојува податоците и фактите давајќи кус преглед на општествено-историските услови пред и за време на кодификацијата на македонскиот стандарден јазик, т.е. периодот од 2.8.1944 до мај-јуни 1945 год.<br>1.2.2 ја прикаже и да ја објасни важноста на Првото заседание на АСНОМ за македонскиот јазик и во тој контекст за целосната јазична и културна историја на Македонија;<br>1.2.3 го дефинира поимот кодификација и да го прикаже како процес на продолжување на заложбите на Мисирков за кодифицирање на македонскиот стандарден јазик и на дополнување со активности својствени за оваа важна општествена дејност;<br>1.2.4. ги наброи историските настани кои се поврзани со кодификацијата на македонскиот стандарден јазик и да ги наведе датумите на озаконувањето на македонската азбука и на македонскиот правопис;<br>2.2.5. ја посочи улогата на Блаже |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | *стандарден јазик.*<br>Методи: Метод на истражување; интерактивен метод (метод на соработка); метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на споредување; метод на демонстративност. | Конески во процесот на кодификацијата на македонскиот стандарден јазик, како и во втемелувањето на современата наука за македонскиот јазик и литература |
| 2. | Морфологија | | | |
| 2.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>- да ја наведе и да ја покаже со примери употребата на секој вид непроменливи зборови улога/функција во јазикот;<br><br>- да ја образложи синтаксичката нефункционалност на непроменливите зборови, т.е. нивната неспособност да се јавуваат во улога на реченичен член/реченична функција. | **Непроменливи зборови**<br>Предлози;<br>Сврзници;<br>Честички;<br>Извици;<br>Модални зборови и модални изрази<br><br>**Поими:** Предлог (препозиција); Прости и сложени предлози; Сврзници (конјуктиви); Прости и сложени сврзници; Сврзнички состави; Координациски сврзници (составни, спротивни и разделни);Субординациски сврзници (временски, исказни, причински, последични, условни, допусни, целни и начински сврзници); Сврзнички зборови; Честички (партикули); Потврдни, одречни и прашални честички; Честички за засилување, | **Активности:**<br>Низ индивидуална работа или низ работа во двојки или во групи учениците ги препознаваат непроменливите зборови во подготвени вежби (текстови или задачи за анализа) и ги објаснуваат начините на кои се употребени, како и причините и целта за нивната употреба во определен контекст.<br>Се спроведуваат говорни вежби низ кои споредбено ќе се постави правилниот и неправилниот интонациски изговор на деловите од реченицата каде што се употребени извици, модални зборови, честички или сврзнички состави.<br>Во текствови од различни | **Ученикот/ученичката може да:**<br>2.1.1: ги препознава сите видови непроменливи зборови;<br>2.1.2: ги дефинира различните видови непроменливи зборови<br>2.1.3: ги класифицира непроменливите зборови врз основа на различни критериуми релевантни за одредена зборовна група;<br>2.1.4: покажува правописна (ортографска) доследност при писмената употреба на непроменливите зборови (на пр.: на сложените предлози, на сложените сврзници и, секако, на честичките, извиците и модалните зборови и модалните изрази);<br>2.1.5 покажува правоговорна (ортоепска) доследност при употребата на овие зборови во усниот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | изделување, определување, посочувањеи за количественост; Формообразувачки честички; извици (интерјекции); Извици за изразување чувствени реакции, за повикување или за привлекување внимание и извици за имитирање; Модални зборови; Модални зборови за изразување став, увереност, неверување, тврдење, претпоставка; Модални изрази | функционални стилови учениците ги заменуваат постојните неменливи зборови со неменливи зборови по свој избор; притоа треба да ја согледаат и да го толкуваат истото или различното значење на двата исказа.<br>**Методи:** интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување. | јазичен израз.<br><br>. |
| 3. | Правопис | | | |
| 3.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да ја идентификува, да ја проценува и да ја објаснува интерпункциската употреба на запирката во реченицата. | **Интерпункциски знаци**<br>**Запирка**<br>Запирката во простата реченица<br>Запирката во независносложената реченица<br>Запирката во зависносложената реченица<br><br>**Поими:** Запирка; Синдетонски и асиндетонски реченици; Дел-реченица; Главна и зависна дел-реченица, Реченична инверзија | **Активности:**<br>Работејќи на подготвени вежби, учениците ја употребуваат запирката како интерпункциски знак;<br>Коригираат грешки во текст во кој има намерни грешки во однос на употребата на запирката како интерпункциски знак;<br>Читаат текст за да ја илустрираат потребата од куса пауза на места каде што стои запирка;<br>Реорганизираат реченици со помош на промена на местото на | **Ученикот/ученичката може да:**<br>3.1.1. го објасни значењето на поимот *интерпункција* и да го сопостави и да го спореди со поимот *правопис*;<br>3.1.2. објаснува во кои случаи се употребува запирката како интерпункциски знак;<br>3.1.3. ја интонира правилно реченицата во чиј состав има запирка/запирки, т.е. да прави разлика помеѓу интонациските вредности на запирката според различните интерпукциски употреби;<br>3.1.4. ја препознава во живиот јазик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | запирката и ги толкуваат новонастанатите јазични ситуации; Трансформираат сврзнички реченици во бессврзнички со помош на употреба на запирката.<br>Диктат за проверка на стекнатите сознанија.<br>**Методи:** интерактивен метод/ метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст-метод; метод на компарација; аудио-лингвален метод; метод на замена. | паузата карактеристична за делот од текстот одделен со запирка и да ја разликува од паузата на точката;<br>3.1.5. ги препознава случаите каде што не се употребува запирка и да ги толкува причините за изоставање на запирката при пишувањето. |
| 4. | Синтакса | | | |
| 4.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да ги идентификува, да ги определува и да ги објаснува видовите независносложени реченици;<br>- да резимира и да даде кус преглед на независносложените реченици според карактеристичните својства на овој вид сложени | **Независносложена реченица**<br>Составни независносложени реченици<br>Спротивни независносложени реченици<br>Разделни независносложени реченици<br>Исклучни независносложени реченици<br>Заклучни независносложени реченици | **Активности:**<br>Работа на дадени примери (индивидуална, во двојки или во групи); Од две низи реченици да се состави одреден вид независносложена реченица; Дополнување на празни места во текст со сврзници, со цел да се добие една смисловна целина; Замена на еден сврзник со друг со исто или со друго значење; Промена на сврзнички во бессврзнички независносложени | **Ученикот/ученичката може да:**<br>4.1.1. ги дефинира независносложените реченици и точно да го именува терминот *независносложени,* да го изговара и да го пишува слеано;<br>4.1.2. ги разликува видовите независносложени реченици и ги набројува сврзниците каракетристични за различните видови независносложени реченици;<br>4.1.3. ги користи правилно сложените |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | реченици. | **Поими:** Независносложена реченица; координација/координациска врска; Тесна/лабава врска меѓу дел-реченици; Составна/спротивна/ разделна/ исклучна/ заклучна независносложена реченица | реченици и обратно;<br>Вежби за интерпункцијата на запирката, особено во речениците или при употребата на сврзниците со кои не се пишува запирка;<br>Ортоепски вежби за правилен изговор, т.е. за правилно интонирање и за правилно нагласување на паузата меѓу дел-речениците во состав на независносложените реченици:<br>Вежби за составување независносложени реченици со три и повеќе дел-реченици и за определување на различните координациски значења во реченицата и др.<br>**Методи:** интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; тексТ-метод; метод на споредување; метод на замена, метод на анализа и синтеза. | сврзници и сврзничките состави, како и запирката во речениците со овие сврзници;<br>4.1.4 ги разликува независносложените од зависносложените реченици според значењето, а не само според препознавање на сврзниците;<br>4.1.5. резимира и да даде кус преглед на независносложените реченици според карактеристичните својства на овој вид сложени реченици и да посочува примери и да образложува кои видови независносложени реченици се својствени за определени функционални стилови на јазикот ;<br>4.1.6. експериментира и да поврзува дел-реченици од една независносложена реченица со други координациски сврзници и да ја прикажува разликата во значењето на речениците. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.2. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>- да ги идентификува, да ги определува и да ги објаснува видовите зависносложени реченици;<br>- да резимира и да даде кус преглед на зависносложените реченици според карактеристичните својства на овој вид сложени реченици и да посочува примери кои видови зависносложени реченици се својствени за определени функционални стилови на јазикот. | **Зависносложена реченица**<br><br>Временски зависносложени реченици<br>Причински зависносложени реченици<br>Последични зависносложени реченици<br>Целни зависносложени реченици<br>Условни зависносложени реченици<br>Допусни зависносложени реченици<br>Начински зависносложени реченици<br>Односни (релативни) зависносложени реченици<br>Исказни зависносложени реченици<br>**Поими:** Главна дел-реченица; Зависна дел-реченица; Истовремени дејства; Дејство што му претходи/следува на/по друго дејство; Причинско-последичен однос на две дејства; Реален/можен/нереален услов; Сврзници во временски/ причински/последични/целни/ условни/допусни/начински/односни/ исказни реченици | **Активности: Активности:**<br><br>Работа на дадени примери (индивидуална, во двојки или во групи); Дополнување на празни места во текст со соодветни сврзници; Од две низи реченици да се состави одреден вид зависносложена реченица; вежби со трансформирање на еден вид зависносложена реченица во друг (трансформирање на причински реченици во последични и обратно; претворање на целни реченици во причински и условни); поправање грешки во однос на употребата на сврзниците; употреба на запирка<br>Промена на сврзнички во бессврзнички зависносложени реченици и обратно;<br>Вежби за интерпункцијата на запирката, особено во речениците или при употребата на сврзниците со кои не се пишува запирка;<br>Ортоепски вежби за правилен изговор, т.е. за правилно интонирање и за правилно нагласување на паузата меѓу дел- | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>4.2.1. ги дефинира и да ги разликува видовите зависносложени реченици и терминот *зависносложени* да го изговара и да го пишува слеано;<br>4.2.2. објасни што значи субординациската врска меѓу дел-речениците во состав на зависносложените реченици;<br>4.2.3. ги користи сврзниците правилно и да ги препознава според субординациската врска што ја воспоставуваат помеѓу дел-речениците;<br>**4.2.4.** ги користи правилно сложените сврзници и сврзничките состави, како и запирката во речениците со овие сврзници и ги разликува зависносложените од независносложените реченици според значењето, а не само според препознавање на сврзниците;<br>4.2.5. трансформира сврзнички во бессврзнички зависносложени реченици;<br>4.2.6. експериментира и да поврзува дел-реченици од една зависносложена реченица со други субординациски сврзници и да ја |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | речениците во состав на зависносложените реченици:<br>Вежби за составување зависносложени реченици со три и повеќе дел-реченици и за определување на различните субординациски и координациски значења во реченицата и др.<br>и др.<br>**Методи:** интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст-метод; метод на споредување, метод на анализа и синтеза. | прикажува разликата во значењето на речениците. |
| 5. | **Лексикологија** | | | |
| 5.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>- да го објасни зборот како дел од хиерархијата на јазичните единици;<br>- да ги препознава, да ги разграничува и да ги толкува лексичкото и граматичкото значење на зборовите. | **Поим за зборот и основни типови лексички значења**<br>**Поими:** збор (содржинз /форма), лексикологија, лексика, лексема, лексичко и граматичко значење, флексија, еднозначни и повеќезначни зборови, директно и преносно значење, синоними, хомоними, антоними, пароними | **Активности:**<br>Преку насочени прашања се дискутира за значењето на даден збор и се воочува неговата содржина и форма, значење.<br>Се дефинира лексикологијата како наука.<br>Се презентираат информации за лексичките значења на зборовите.<br>Вежби за препознавање и образување на синоними, | **Ученикот/ученичката може да:**<br>5.1.1. ги дефинира поимите: *лексема, лексика* и *лексикологија;*<br>5.1.2. ги идентификува и правилно да ги користи синонимите, хомонимите, антонимите и паронимите и да ја препознава разликата меѓу лексичките значења во состав на паронимски двојки;<br>5.1.3. го проценува и да го |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | хомоними, антоними, пароними.<br>Вежби за замена на зборови со нивни синоними од македонската или од интернационалната лексика.<br>Вежби за употреба на паронимите и за согледување на бесмисленоста на исказот при употреба на паронимот на местото од некој збор.<br>**Методи:** интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; тексТ-метод; метод на споредување. | образложува директното и преносното значење на зборовите;<br>5.1.4. согледа и да образложи дека самостојната употреба на зборот (надвор од контекст) нема смисла и дека смислата на постоењето на зборот постои само ако тој се оживотвори во смисловен контекст – именска група или реченица. |
| 5.2. | -да ја именува и дефинира класификацијата на зборовите според нивното потекло и развој;<br>- да ги означува, објаснува и споредува зборовите според лексичката класификација и правилно да ги толкува и употребува во секојдневната комуникација. | **Лексиката според процесот на обновување**<br>**Лексиката според потеклото на зборовите**<br><br>**Поими:** архаизми, историзми, неологизми, црковнословенизми, турцизми, интернационализми, варваризми | **Активности:**<br>Сите содржини од лексикологија имплицитно се застапени на сите часови по македонски јазик, а не само на часовите определени за конкретните наставни единици.<br>Архаизмите, неологизмите, историзмите, турцизмите и интернационализмите се секојдневно застапени во живиот јазик на учениците, па оттаму треба да се преземаат содржини за илустративност на часовите. | 5.2.1: го објаснува процесот на обновување и збогатување на речникот на јазикот;<br>5.2.2: ги наведе причините поради кои доаѓа до обновување и збогатување на зборовниот фонд на македонскиот јазик;<br>5.2.3: ги наброи видовите зборови според процесот на обновување на лексичкиот фонд;<br>5.2.4. ги дефинира, да образложи како настанале и како живеат во јазикот архаизмите, историзмите и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Вежби за препознавање на видовите зборови според процесот на обновување и според потеклото.<br>Разговор во двојки, во групи или во паралелката за значењето на различните видови зборови.<br>Вежби за:<br>- замена на архаизми со актуелни лексеми и обратно;<br>- замена на интернационализми со македонски зборови и обратно;<br>- препознавање на варваризмите во уметничколитературен текст и за откривање на нивното јазично потекло и сл.<br>Учениците користат на часовите толковни речници, речници на странски зборови и изрази, речник на синоними, речник на пароними итн. На тој начин се создава навика за користење на оваа прирачна литаратура, а се прави и корелација со наставата по лексикографија.<br>Учениците на часовите составуваат мали речници на различни видови зборови.<br><br>**Методи:** интерактивен метод/ | неологизмите;<br>5.2.5. ги идентификува и да ги толкува значењето и јазичното потекло на црковнословенизмите, интернационализмите и турцизмите, и на варваризмите, како своевидно стилско јазично средство. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст-метод; метод на споредување. | |
| 5.3. | - да резимира и да прави класификација на лексиката според различни критериуми;<br>- да означува и да избира зборови кои припаѓаат на различни лексички групи. | **Лексиката според формата, според сферата на употреба и според степенот на употреба**<br><br>**Поими:** разговорна, книжна (книжно-литературна), експресивна лексика, општонародна и дијалектна лексика, професионализми, жаргонска и терминолошка лексика, активен и пасивен речник | **Активности:**<br><br>Различни текстови преку кои ќе се воочат различните употреби на зборовите во општењето.<br><br>Презентација на информации за класификацијата на лексиката според формата, сферата и степенот на употреба.<br>Вежби за определување на лексиката според формата, сферата и степенот на употреба.<br>Учениците користат на часовите речник на дијалектизми, речник на народната поезија, речник на жаргони и сл.<br>Учениците на часовите составуваат мали речници на различни видови зборови.<br>**Методи:** интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст- | 5.3.1 -ги објасни поимите *разговорна, книжна (книжно-литературна)* и *експресивна лексика*;<br>5.3.2.- го објасни поимот *сфера на употреба*;<br>5.3.3. - ги наброи, да образложи што значат и да наведе примери за видовите лексика според сферата на употреба;<br>5.3.4. прави споредба меѓу различните лексичките класификации;<br>5.3.5. наведува лексика што се употребува често и што се употребува ретко, во контекст на содржините за активен и пасивен речник. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | метод; метод на споредување. | |

| | Модуларна единица: ЛИТЕРАТУРА | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 1. | **Реализам** | | | |
| 1.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да ги идентификува и да ги изделува основните карактеристики на реализмот (односот на литературата кон стварноста) и да ги објаснува особеностите на различните видови реализам со неговите најзначајни претставници;<br>- да го дефинира реалистичниот роман со | **Појава, карактеристики и претставници**<br>**Видови реализам**<br><br>**Поими:** Реалистички роман; Реалистички опис; Ликот како одраз на општествената стварност; Типизација (типични ликови во општествената класна хиерархија); Класичен реализам; Натурализам; Критички реализам; Социјалистички реализам; | **Активности:**<br>Презентација во која се претставуваат белезите на реализмот во литературата и во уметноста и најзначајните претставници; Извадоци од текстови со кои се илустрира што значи типичен лик од типична средина, како и извадоци со кои се илустрираат видовите реализам и нивните карактеристики. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1.1 го препознава и на временската оска да го определува времето и местото на појавата на реализмот како правец во литературата;<br>1.1.2 ги презентира општествено-политичките услови во кои се појавува реализмот како правец во литературата;<br>1.1.3: да ги разликува видовите реализам и да ги определува |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | неговите специфики во однос на литературните дела пред појавата на реализмот како правец во литературата. | Психолошки реализам. | Се презентираат податоци за натурализмот и социјалистичкиот реализам, нивните белези и претставници; се читаат извадоци од „Нана“ од Емил Зола и „Мајка“/ „На дното“ од Максим Горки (како основоположници на овие два правца); се прави споредба со реализмот и се пополнува табелата со одликите на овие два подвида на реализмот.<br>**Методи:** монолошко-дијалошки, демонстративен: текст-метод; метод на компарација. | елементите по кои се разликуваат класичниот од критичкиот, социјалистичкиот или психолошкиот реализам и натурализам.<br>1.1.4. ги споредува претставниците на реализмот во XIX век и нивните дела со претставниците на реализмот, натурализмот, соц-реализмот во XX век. |
| 1.2. | -да идентификува карактеристики на реалистичниот роман во делото „Чичко Горио“ и да го толкува преку ликовите. | **Оноре де Балзак – Чичко Горио“**<br>**Поими:** Реалистичен роман; тематско- идејна основа, композиција, структура, ликови, фабула; сезнаечки наратор; функција на описот (детаљот во реалистичното писмо). | **Активности**:<br><br>Презентација за животот на Оноре де Балзак и поважните податоци за нeговoвото творештво; Учениците поделени во три групи, ги решаваат проблемските прашања во врска со литературните проблеми во романот, со неговата структура и композиција; интерпретативно читање на извадоци од романот со фокус врз: деталниот | 1.2.1 презентира податоци од животот на Балзак, поврзани со неговото творештво и неговата улога на основоположник на реализмот;<br>1.2.2 ја определува структурата и композицијата на романот, темата, идејата, нараторот и ги локализира времето и местотот на дејството;<br>1.2.3 ги определува атрибутите и функциите на ликовите;<br>1.2.4 прави интегрална наставна интерпретација на романот „Чичко Горио“; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | реалистички опис, за определување на позицијата на нараторот,<br>раскажувач/раскажување,<br>типичен лик (илустрација низ<br>Се поттикнува дискусија во парови (двојки) во врска со главниот литературен проблем околу материјалната и духовната среќа на човекот.<br><br>**Методи:**<br>-метод на наставна интерпретација, проблемско-творечки метод;<br>-монолошко-дијалошки,<br>-текст-метод,<br>-метод на анализа и синтеза<br>-метод на компарација. | 1.2.5 пишува есеј на тема во врска со љубовта, среќата и важноста на парите за остварувањето на овие две основни човечки потреби. |
| **1.3.** | - да ги детектира главните белези на психолошкиот реализам при интерпретација на романот;<br>-да ги толкува ликовите и да носи заклучоци во врска со главниот литературен проблем -злостоството, казната и простувањето како врвна | **Фјодор М. Достоевски**<br>**„Злосторство и казна“**<br>**Поими:** Психолошки роман; тематско- идејна основа, композиција, структура; ликови; фабула; | **Активности:**<br>Учениците гледаат исечоци од филмот „Злосторство и казна“, со цел да добијат визуелен впечаток за ликот кој е типичен претставник на класата на која ѝ припаѓа, но и на средината/опкружувањето што може да стимулира одредено | 1.3.1. презентира податоци за животот и творештвото на Достоевски, како претставник на психолошкиот реализам;<br>1.3.2: ја објаснува структурата и композицијата на романот и определува тема, идеја, наратор и го локализира дејството;<br>1.3.3: ја анализира и ја толкува |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | христијанска категорија. | | однесување.<br>Атрибутизацијата на ликовите се врши врз основа на избрани цитати од романот.<br>Се поттикнува дискусија за религиското сфаќање на злосторството и стрениот грев и покајувањето и простувањето, преку внимателно избрани цитати од Библијата и Куранот.<br><br>**Методи:**<br>- Метод на наставна интерпретација;<br>-монолошко-дијалошки метод;<br>-текст метод;<br>-аудио-визуелен метод;<br>-пробемско-творечки метод;<br>-метод на корелација | содржината на романот;<br>1.3.4: ги анализира ликовите во романот, преку толкување на нивните постапки и однесување;<br>1.3.5: зазема став во врска со злосторството и казната и го образложува во форма на есеј. |
| 1.4. | -да го толкува делото како реалистичен роман и да ги детектира литературните проблеми во романот ставајќи ги во општествео-историски контекст;<br>-да го изрази својот став за | **Лав Н. Толстој „Ана Каренина“**<br>**Поими:** реалистичен роман, тематско - идејна основа, композиција, структура; ликови; фабула; наратор/нарација; | **Активности:**<br>Презентација за животот и творечките достигнувања на Толстој;<br>Интерпретативно читање на делови од романот; насочени прашања за анализа на ликовите, | 1.4.1 ја определува позицијата на нараторот и да го дефинира основниот литературен проблем: забранетата љубов и казната за неверната жена;<br>1.4.2 ги анализира ликовите, да ја толкува нивната функција и да ги |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | местото на жената и за нејзината улога во семејството во руското општество деветнаесеттиот век. | | со посебен акцент на главниот лик Ана Каренина; компарирање на ликовите, нивно спротивставување; поттикнување дебата во врска со основниот литературен проблем: семејството наспроти забранетата љубов.<br><br>**Методи:**<br>- метод на наставна интерпретација;<br>-текст-метод;<br>-проблемски метод;<br>-метод на компарација. | презентира нивните атрибути;<br>1.4.2 ги согледа и да ги толкува белезите на реализмот во романот;<br>1.4.3. напише есеј во кој ги искажува своите ставови во врска со главниот литературен проблем. |
| 1.5. | -да ги толкува расказите и да ги анализира постапките на ликовите;<br>-да ги препознава и да ги разграничува елементите на хумор и гротеска и специфичниот вид хумор во раскажувачката проза на Гогољ. | **Николај Васиљевич Гогољ - Избор раскази**<br>(„Шинел“, „Нос“)<br><br>**Поими:** Реалистичен расказ; тема; идеја; ликови; хумор; гротеска; фантастика. | **Активности:**<br>Се презентираат основните податоци за животот и творештвото на Гогољ; Интерпретативно читање на делови од расказите; решавање на литературните проблеми што произлегуваат од содржината на расказот што се интерпретира, во групна форма на работа; откривање на функциите на | 1.5.1 да ја определи тематско- идејната основа на расказите, позицијата на нараторот; да ја определува фабулата;<br>1.5.2 да ги интерпретира расказите и да ги анализира постапките на ликовите;<br>1.5.3 да ги пронаоѓа реалистичните елементи во расказите и спецификите на раскажувачката постапка на Гогољ. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ликовите и нивните атрибути;<br><br>**Методи:**<br>Метод на наставна интерпретација;<br>-монолошко-дијалошки<br>-текст-метод<br>-проблемски метод<br>-метод на компарација. | |
| 1.6. | - да ги идентефикува белезите на натурализмот и да донесува заклучоци во врска со апсурдот и иронијата со кои се претставени главните ликови – носители на натуралистичките слики во расказите. | **Антон Павлович Чехов**<br>Толкување на расказите „Човек во футрола“ и „Смртта на чиновникот“ | **Активности:**<br>Куса презентација на основните био-библиографските податоци за Чехов;<br>Насочувачки прашања во врска со основниот литературен проблем во расказите; работа во групи со проблемски прашања за споредување на ликовите од двата раскази со цел да се потврдат натуралистичките слики во делото; (карикатуралното и психолошкото портретирање).<br>Се даваат инструкции за изработка на есеј во кој се актуализираат ликовите од делото тогаш и денеска.<br><br>**Методи:** метод на наставна | 1.6.1 да ги определува прозните белези во расказите и да ги дефинира основните литературни проблеми, што ги детектирале во делото;<br>1.6.2 да ги толкува и да ги споредува ликовите во расказите;<br>1.6.3 да ги определува функциите и атрибутите на ликовите;<br>1.6.4 да пишува есеј на зададена тема. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | интерпретација, монолошко-дијалошки, текст-метод, проблемско-творечки метод, метод на компарација. | |
| 2. | **Македонската литература кон крајот на 19 и почетокот на 20 век** | | | |
| 2.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да ги знае и да ги презентира спецификите на културно-историскиот и литературниот развој во Македонија кон крајот на 19. век и почетокот на 20 век. | **Појава, особености и претставници** | **Активности:**<br>Учениците прават пауер поинт презентација на спецификите на македонската литература во 19. век и нејзините претставници; Разговор за општествено – економските услови и политичката состојба во Македонија при крајот на 19. и почетокот на 20. век.<br><br>**Методи:** монолошко-дијалошки; | **Ученикот/ученичката може:**<br>2.1.1 да ги објаснува културно-историските околности во Македонија во овој период;<br>2.1.2: да ги набројува најпознатите дела од овој период во развојот на македонската литература. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | текст-метод; метод на демонстрација, истражувачки метод. | |
| 2.2. | - да ја анализира и да ја интерпретира драмата во контекст на историскиот момент и да ги определи одликите на драмската структура;<br>- да ги толкува ликовите и драмските ситуации на ликовите, нивните атрибути и функции. | **Војдан Поп Георгиев Чернодрински**<br>**„Македонска крвава свадба“**<br><br>**Поими:** Битово-социјална драма; трагедија; етапи на драмско дејство чин (дејствие); афиша; дидаскалија; драмски конфликт; ликови; тема; идеја. | **Активности:**<br>Интерпретативно читање на извадоци од драмата „Македонска крвава свадба";<br>Откривање на структурата и композицијата на драмата со определување на драмските елементи и етапите на драмското дејство (експозиција,заплет, кулминација, перипетија, расплет); Видеопрезентација на секвенци од филмот „Македонска крвава свадба“.<br>Презентација на животот и дејноста на Војдан Чернодрински и неговиот придонес за развојот на македонската драмска литература.<br><br>**Методи:**<br>Метод на наставна интерпретација, демонстративен метод,<br>монолошко-дијалошки, текст- | 2.2.1 да дефинира што е битово-социјална драма<br>2.2.2: да ги определи етапите на драмското дејство; темата, идејата, драмскиот конфликт;<br>2.2.3 да ја интерпретира драмата и да ги анализира атрибутите и функциите на ликовите;<br>2.2.4 да презентира податоци за животот на Војдан Чернодрински и да коментира за придонесот на Чернодрински за развојот на македонската драмска литература. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | метод, проблемски метод. | |
| 3. | **Македонската литература меѓу двете светски војни** | | | |
| 3.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да го определи општествено-историскиот контекст во кој се создава македонската литература меѓу двете светски војни;<br>-да ги препознава одликите на македонската литература меѓу двете светски и да ги споредува делата на писателите од овој период од развојот на македонската литература. | **Појава, особености и претставници** | **Активности:**<br><br>Разговор за условите и за состојбата на македонската литература меѓу двете светски војни<br><br>**Методи:** монолошко-дијалошки; текст-метод; | **Ученикот/ученичката може:**<br>3.1.1 да ги објаснува културно-историските околности во кои се развива македонската литература меѓу двете светски војни;<br>3.1.2 да ги толкува сличносстите и разликите на делата на претставниците на литерата во Македонија меѓу двете светски војни. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.2. | -да ја анализира и да ја толкува драмата, со потенцирање на жанровските одлики и врските со фолклорот;<br>-да ги пронаоѓа и да толкува битовите елементи во драмата. | **Васил Иљоски**<br>**„Чорбаџи Теодос“**<br><br>**Поими:** Битово-социјална драма; комедија на интрига;<br>етапи на драмско дејство (експозиција,заплет, кулминација, перипетија, расплет); чин (дејствие); афиша; дидаскалија; драмски конфликт; ликови; тема; идеја | **Активности:**<br>Интерпретативно читање на делови од драмскиот текст; Работа во групи: решавање на проблемските прашања во врска со тематско-идејната основа, со основните литературни проблеми и социјалните разлики како причина за постигнување на драмскиот конфликт; прашања во врска со етапите на драмското дејство, композицијата и структурата на драмскиот текст; Ги определуваат атрибутите и функциите на драмските лица. Визуелна презентација со сцени од драмите „Чорбаџи Теодос“ и „Бегалка“<br><br>**Методи:** метод на наставна интерпретација, монолошко-дијалошки; текст-метод, проблемско-творечки метод, метод на компарација. | 3.2.1 да го определи местото и улогата на Васил Иљоски во македонската литература меѓу двете светски војни;<br>3.2.2 да ја определи тематско-идејната основа, етапите на драмското дејство и го локализира дејството;<br>3.2.3 да ја интерпретира драмата и да ги анализира и ги толкува драмските лица со нивните атрибути и функции.<br>3.2.4 ги толкува битовите и социјалните елементи во драмскиот текст. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.3. | - ја интерпретира драмата со потенцирање на жанровските одлики и основниот литературен проблем во драма „Печалбари“ – печалбарството. | **Антон Панов „Печалбари“**<br><br>**Поими:** битово- социјална драма; литературен проблем – печалбарство (**к**нижевен топос, што е карактеристичен за македонската литература); етапи на драмско дејство (експозиција,заплет, кулминација, перипетија, расплет); чин (дејствие); афиша; дидаскалија; драмски конфликт; ликови; тема; идеја | **Активности:**<br>Интерпретативно читање на делови од драмскиот текст; Работа во групи: решавање на проблемските прашања во врска со тематско-идејната основа, со основните литературни проблеми и социјалните разлики како причина за постигнување на драмскиот конфликт; прашања во врска со етапите на драмското дејство, композицијата и структурата на драмскиот текст; Ги определуваат атрибутите и функциите на драмските лица;<br>Дискусија на тема: „Печалбарството некогаш и сега“<br><br>**Методи:** метод на наставна интерпретација, монолошко-дијалошки; текст-метод, проблемско-творечки метод, метод на компарација. | 3.2.1 да ја определи тематско-идејната основа, етапите на драмското дејство и го локализира дејството;<br>3.2.2 да ја интерпретира драмата и да ги анализира и интерпретира драмските лица со нивните атрибути и функции;<br>3.2.3 да ги толкува битовите и социјалните елементи во драмскиот текст;<br>3.2.4. споредува драмски текстови, посочувајќи ги сличностите и разликите меѓу нив. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.4. | -да го открие основниот мотив – мотивот на непрепознавање и да прави споредба со античката трагедија „Цар Едип“;<br>-да ги детектира и другите проблем- мотиви: проблемот на парите и печалбарството како последица на немаштијата и да ја интерпретира драмата преку анализа на драмските лица. | **Ристо Крле**<br>**„Парите се отепувачка“**<br>**Поими:** Битово-социјална драма; мотив на непрепознавање и трагично недоразбирање; патувачки мотив; етапи на драмско дејство (експозиција,заплет, кулминација, перипетија, расплет); чин (дејствие); афиша; дидаскалија; драмски конфликт; ликови; проблем-мотиви | **Активности:**<br>Се поставуваат прашања во врска со мотивот на непрепознавање во античката драма. Поставување насочени прашања со цел да се анализира структурата и композицијата на драмскиот текст, да се определат етапите на драмското дејство, темата и идејата на драмата.<br>Се читаат избрани цитати од драмата со цел да се дискутираат ликовите, врз основа на нивното однесување и постапки.<br>Се определуваат битово-социјалните елементи во драмата и мотивот на непрепознавање и трагично недоразбирање. Се прави споредба меѓу драмата „Парите се отепувачка“ и драмата „Недоразбирање“ од Албер Ками.<br><br>**Методи**:<br>метод на наставна интерпретација, монолошко-дијалошки; текст-метод, проблемско-творечки метод, метод на компарација; аудио- | 3.4.1: определува драмски конфликт; етапи на драмско дејство и го локализира дејството по место и време;<br>3.4.2: ја интерпретира и анализира содржината на драмата;<br>3.4.3: да дискутира за ликовите врз основа на нивните постапки и однесување;<br>3.4.4: ги идентификува битово-социјалните елементи во драмскиот текст;<br>3.4.5: да го споредува овој драмски текст со другите драмски текстови од овој период дискутирајќи за нивната содржинска блискост/различност, заклучувајќи за развојот на македонската драма. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | визуелен метод. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *3.5.* | -да ги определува и да ги групира според мотивите, песните од стихозбирката „Бели мугри“;<br>-да ги толкува песните од стихозбирката, применувајќи ги стекнатите знаења од теорија на литературата. | **Коста Солев Рацин**<br>**„Бели мугри“**<br><br>**Поими:** Билингвален/ трилингвален автор; стих, строфа, ритмичка стапка, композиција (астрофична, строфична, изострофична и хетерострофична песна, ритмичка стапка), лирски субјект, мотивска класификација, стилски изразни средства. | **Активности:**<br>Мотивација за работа на час со следење на секвенци од филмот „Елегии за тебе;“ Аудиозаписи од песни на Рацин од сите фази на неговото творештво.<br>Анализа на поезијата на Рацин: мотивска класификација на песните; стих, строфа, рима, ритам; лирски субјект; стилски изразни средства.<br>Интерпретативно читање на стихови од „Антологија на болката“.<br><br>**Методи**:<br>-Метод на наставна интерпретација; монолошко-дијалошки; текст-метод; метод на компарација. | 3.5.1 да презентира податоци за животот и творештвото на Рацин и да го дефинира неговото место и значење во македонската литература;<br>3.5.2 да анализира песни од стихозбирката „Бели мугри“ и да ги толкува според мотивите, определувајќи ја метафориката на текстот и применувајќи ги стекнатите знаења од теорија на литературата и од версификацијата;<br>3.5.3 да го воочи влијанието на народната песна врз поетскиот израз на Рацин. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.6. | -да интерпретира конкретни песни со примена на знаења од теорија на литературата;<br>-да го објасни влијанието на народната поезија во поезијата на Неделковски. | **Коле Неделковски**<br>**„М´скавици“ , „Пеш по светот“**<br>(избор од поезијата)<br><br>**Поими:** Стих, строфа, композиција (астрофична, строфична, изострофична и хетерострофична песна), лирски субјект, мотивска класификација, стилски изразни средства. | **Активности:**<br><br>Интерпретативно читање на избор од поезијата. Анализа на поезијата на Коле Неделковски: мотивска класификација на песните; стих , строфа, рима; лирски субјект; стилски изразни средства.<br>Интерпретативно читање на стихови од стихозбирките „М´скавици“ и „Пеш по светот“<br>**Методи:**<br>Метод на наставна интерпретација; монолошко-дијалошки;<br>текст-метод, метод на компарација, метод на корелација и интеграција. | 3.6.1 да определува композиција, стилски фигури, препознава мотив и ги класифицира песните врз основа на мотивот;<br>3.6.2 да го препознава и да го аргументира влијанието на народната песна врз творечката постапка на Неделковски;<br>3.6.3 да презентира биобиблиографски податоци за Коле Неделковски и да го определи неговото место во македонската литература во споредба со Кочо Рацин. |

| 4. | Македонската литература во текот на НОБ | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-да интерпретира песни по избор со примена на знаења од теорија на литературата.<br><br>-да го определи општествено-историскиот контекст во кој се создава македонската литература во текот на НОБ | **Ацо Караманов**<br>(преглед на поезијата)<br><br>**Поими:** стих, строфа, композиција( астрофична, хетерострофична и строфична песна), лирски субјект, мотивска класификација, стилски изразни средства. | **Активности:**<br>Презентација за запознавање на учениците со животот и творештвото на Караманов<br>Интерпретативно читање на избор од поезијата. Анализа на поезијата: мотивска класификација на песните; стих , строфа, рима; лирски субјект; стилски изразни средства.<br><br>**Методи:** метод на наставна интерпретација, монолошко-дијалошки, текст-метод. | **Ученикот/ученичката може:**<br><br>4.1.1 да анализира поетски текст и да препознава мотив, лирски субјект и да идентификува видови рима, стихови и строфи, стилски изразни средства;<br>4.1.2 да го определи општествено-историскиот контекст во кој се создава македонската литература во текот на НОБ. |

| 5. | Повоена македонска литература | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>-да ги објасни доминантните одлики на македонската литература по Втората светска војна и да ги продлабочи своите знаења за основните книжевно-историски особености на македонската литература (периодизација, класификација на жанровите, автори, дела); | **Појава, особености и претставници** | **Активности:**<br><br>Табеларно-шематски приказ на периодизацијата и жанровските и карактеристики и тематските преокупации на македонската литература во овој период. Извадоци од книжевни текстови со кои се илустрира содржината на часот.<br><br>**Методи:** монолошко-дијалошки; текст-метод, демонстративен метод. | **Ученикот/ученичката може:**<br><br>5.1.1 да ги објаснува културно-историските околности во кои се развива македонската повоена литература;<br>5.1.2 да ги набројува најпознатите претставници на овој период од развојот на македонската литература<br>5.1.3 да ги анализира тематските преокупации на авторите во различни етапи од повоената македонска литература. |
| 5.2. | -да ја интерпретира содржината на романот и да ја определи структурата и композицијата на делото ксако и нараторот; | **Стале Попов**<br>**„Крпен живот“**<br><br>**Поими:** Битово-социјален роман; Семеен роман; Роман-река; Сеприсутен/сезнаечки наратор; Етнографски и фолклорни елементи. | **Активности:**<br><br>Се прави презентација на основните био-библиографски податоци за Стале Попов; Интерпретативно читање на извадоци од романот. Работа во групи со фокус врз: типичноста на реалистичките ликови; етнографско-фолклорните слоеви во романот, корелацијата меѓу романот и историјата. Анализа на носечките ликови во | 5.2.1 да определи што е битово-социјален, семеен роман и роман-река;<br>5.2.2: да го дефинира главниот литературен проблем и да ги толкува и останатите проблем- мотиви;<br>5.2.3 да го локализира дејството по време и место и да го определи нараторот;<br>5.2.4 да го интерпретира романот и да прави анализа на ликовите и на нивните постапки и начин на однесување; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | романот.<br>Се даваат упатства за изработка на есеј на тема за статусот на жената во македонското патријархално семејство – некогаш и денес.<br><br>**Методи:**<br>Метод на наставна интерпретација; монолошко-дијалошки; текст-метод, проблемско-творечки метод, метод на корелација и интеграција | 5.2.5 да ги пронаоѓа фолклорните и етнографските елементи во текстот и да го толкува значењето на синтагмата *крпен живот*, како наслов на романот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.3. | - да дефинира што е историско-психолошки роман;<br>- да толкува и дискутира за ликовите и настаните од романот ставени во историско-општествен контекст. | **Ѓорѓи Абаџиев**<br>**„Пустина“**<br><br>**Поими:** Историско-психолошки роман; Интроспекција; Ретроспекција. | **Активности:**<br><br>Наставна интерпретација на романот – учениците се мотивираат со насочени прашања да дебатираат во однос на постапките на ликовите и да ги определат нивните атрибути и функции; ја определуваат структурата и композицијата на романот и местото и времето на дејството; пишуваат есеј во врска со патриотизмот и пожртвуваноста.<br><br>**Методи:**<br>Метод на наставна интерпретација; монолошко-дијалошки; текст-метод, проблемско-творечки метод, метод на корелација и интеграција. | 5.3.1 да ги препознава основните карактеристики според кои романот се определува како историско-психолошки и да го определува аспектот на градење на текстот (по пат на интроспекција и ретроспекција) и позиција на нараторот;<br>5.3.2: да ги определува главните литературни проблеми во делото;<br>5.3.3: да ги анализира и да ги толкува функциите на ликовите и нивните постапки. |
| 6. | **Медиумска писменост** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>-да ја воочи улогата на медиумите (телевизијата и социјалните медиуми) и да заземе став во однос на содржините што се пласираат во нив. | **Масовни медиуми**<br><br>Телевизијата како медиум денес-видови емисии, вест, ексклузивна вест, лажна вест, интервју.<br><br>Улогите и влијанијата на телевизијата како медиум и на социјалните мрежи како медиум.<br><br>Предрасуди, стереотипи и манипулации во информациите од медиумите.<br><br>Деконструкција на информација од медиум / социјална мрежа – воочување пристрасност во информацијата<br><br>Поими: вест-ексклузивна, лажна; деконструкција на информација, пристрасност во информацијата, интервју | **Активности: .**<br>Вежби за разбирање и толкување на суштината на пренесената вест/информација и дискусија за истата;<br>Користење видеозаписи како темел за дискусија во која ќе се искажат лични ставови и мислења за начинот на кој е пренесена информацијата/информациите.<br>Споредби: социјални и тв медиуми; развивање свест за улогата на информирањето и неговата објективност, информирањето во контекст-национален, културен, личен; вредности, влијанија, интерпретација и контрола на медиумите.<br><br>**Методи:** интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; метод на споредување;<br>метод на анализа и синтеза. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>6.1.1: идентификува видови вест;<br>6.1.2: ја објаснува улогата и влијанијата на медиумите во креирањето на јавното мислење;<br>6.1.3: анализира различен вид информации пласирани на телевизија или социјална мрежа;<br>6.1.4: ја оценува состојбата со медиумската култура во Република Северна Македонија и дебатира на оваа тема. |

<table>
<tr><td>6.2</td><td>- да ги воочи и објасни функциите на рекламата и нејзината улога како битен сегмент за успешното деловно работење;<br>-да заземе став кон содржината на рекламните пораки.</td><td>Реклама<br>Видови реклама<br><br>Поими: Реклама; Рекламер; Консумент</td><td>Активности:<br>Вежби во кои учениците се организирани по групи во кои добиваат задача да осмислат, креираат и презентираат реклама.<br>Симулација на телевизиска програма во училница со вметнати рекламни пораки.<br>Интерен натпревар за изработка на најдобра рекламна порака.<br><br>Методи: интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност.</td><td>6.2.1: ја дефинира рекламата и нејзината функција во медиумите и во деловното работење;<br>6.2.2: состави и да презентира рекламна порака<br>6.2.3: дискутира за актуелни рекламни пораки од медиумите.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Оценување на постигањата на учениците</td><td colspan="3">Оценувањето е континуиран процес и има за цел да обезбеди сеопфатни информации за постигањата на учениците. Функцијата на оценувањето е сумирање на постигнатото, но во насока на подобрување на истото. Во таа смисла, оценувањето на учениците има за цел да им ја покаже реалната состојба на нивните знаења и да им даде насока за понатамошно перманентно продлабочување. За да биде овозможено конкретно и веродостојно оценување потребно е редовно прибирање на информации кои се докуметираат. Ваквиот пристап овозможува и континуитет во учењето и постојана ангажираност и вклученост од страна на учениците.<br>Критериумите за оценување наставникот ги објаснува на своите ученици и доследно се придржува кон истите во текот на целата учебна година. Инструментите коишто се однесуваат на устниот дел од оценувањето и вреднувањето на учениците може да биде со одговори на поставени прашања од страна на наставникот, насочени прашања при обработка на дело, лектира, како и содржини од јазик, усни презентации на одредени теми,</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | изнесување на мислења и ставови во врска со одредени проблемски поставени прашања во дело и лектира, дискутирање за книжевни дела во општествен, историски и книжевен контекст, домашна работа, активност и ангажираност на часот.<br>Инструментите за писменото оценување се поврзуваат со писмени работи, со објективни тестови на знаења, со тестови на способности, особено на самостојни ученички текстови – есеи, во кои учениците ќе го применуваат наученото низ сопствениот индивидуален израз.<br>Учениците за своите постигања добиваат нумеричка оценка. |
| **Литература и други извори** | Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2021/2022 година** |
| **Институција/<br>носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр.** 13-11378/17<br>04-10-2019 **година**<br>**МИНИСТЕР,**<br>**Dr. Arbër Ademi** |
| **Датум на ревизија** | |